# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ





ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2017

Мисионска проповед

*Сабота, 1 јули 2017*

## ЖИВОТНО ДЕЛО

„Сепак да живееме според достигнатото!“ Филипјаните 3,16.

За да се постигне успех во која било област, мора да се има одредена цел. Оној што сака да постигне вистински успех во животот, мора постојано пред своите очи да ја има целта за која вреди да се потруди.

Таква цел е поставена и пред денешната младина. Небесната намера евангелието да се објави на оваа генерација, е најблагородна цел на која може да ѝ се посвети едно човечко суштество. Таа го отвора полето на работа за секој оној чие срце е допрено од Христа.

Божјата намера со децата кои растат во нашите домови е многу чиста, подлабока и повозвишена отколку што може нашиот ограничен разум тоа да го сфати. Во минатото Бог ги повикувал од најскромни прилики, оние кои се покажале верни, да сведочат за него на највисоки места во светот. Многу момчиња кои денеска растат како што растел и Даниел во својот јудејски дом, проучувајќи ја Божјата реч и Неговите дела, и извршувајќи ги верно своите должности, ќе стојат еден ден во законодавни собранија, во судски сали или во царски дворови како сведоци за Царот над царевите. Мнозина ќе бидат повикани да извршат вонредна служба. Целиот свет се отвора за евангелието. Етиопија ги подава своите раце кон Бога. Од Јапонија, Кина и од Индија, од земјите на нашиот континент кои се сè уште покриени со темнина, од сите краишта на нашиот свет допира до нас крикот на ранетите срца кои бараат да ја запознаат Божјата љубов. Милиони и милиони никогаш не слушнале за Бога или за Неговата љубов откриена во Христа. Нивно право е да го стекнат тоа знаење. Како и ние што имаме право на милоста што ја нуди Спасителот, така и тие имаат

право да ја имаат таа милост. На нас, кои сме го примиле ова знаење, и на нашите деца на кои ќе им го пренесеме, почива одговорноста да се отповикаме на нивниот лелек.

До секое домаќинство, до секое училиште, до секој родител, наставник и до секое дете упатено е прашањето кое ѝ било поставено на царицата Естира во оној значаен момент од израелската историја: „Кој знае дали си се искачила до царската чест заради часот каков што е овој?“ (Естира 4,14). Оние кои размислуваат за последиците на забрзување или попречување на евангелието обично мислат на последиците кое тоа ги остава врз нив или врз светот. Ретки се оние кои размислуваат како тоа се одразува врз Бога. Ретки се оние кои мислат на страдањата кои гревот ги предизвикал кај нашиот Создател. Целото Небо трпело за време на Христовата смртна борба; но тоа трпение ниту почнувало ниту завршувало со Неговото појавување како човек.  Крстот им ја открива  на нашите отапени сетила болката која гревот од самиот почеток му ја нанесува на Божјото срце. Секое оддалечување од правдата, секое сурово дело, секој неуспех на човекот да го досегне Божјиот идеал, на Бога му нанесува болка. Кога Израилот се соочувал со неприлики кои биле неизбежна последица на одвојувањето од Бога, кажано е дека „Господ не можел да трпи Израелците да патат.“ „Во сите нивни тешкотии Тој ги сожалуваше“... самиот ги откупи, ги дига и ги носеше во сите дни“ (Судии 10,16; Исаија 63,9).

Неговиот „Дух посредува за нас со неискажливи воздишки. Додека „целото создание заедно воздивнува“ (Римјаните 8,26.22), срцето на бесконечниот Отец сочувствува во болката. Нашиот свет е голема куќа на јад, глетка на таква беда што не се обидуваме дури и на нашите мисли да им дозволиме да се занимаваат со неа. Да сфатевме колкава е бедата, товарот ќе беше премногу страшен. Но, Бог сето тоа го чувствува. За да го уништи гревот и неговите последици, Тој го жртвуваше Својот најмил Син и нам ни даде моќ да соработуваме со него; а на таа глетка на беда да ѝ ставиме крај. „И ќе се пропове-

да ова евангелие за царството по целиот свет за сведоштво на сите народи. И тогаш ќе дојде крајот“ (Матеј 24,14).

„Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“ (Марко 16,15) им заповеда Христос на своите следбеници. Не се сите повикани да бидат проповедници или мисионери во некоја земја, но сите можат да бидат Христови соработници во објавувањето на „радосната вест на своите ближни.“ Заповедта е упатена до сите, големи и мали, учени и неуки, стари и млади.

Љубовта и верноста кон Христа се извор на секоја вистинска служба. Кога срцето е допрено од Неговата љубов, во него се јавува желба да работи за својот Бог. Ваквата желба треба постојано да се храбри и правилно да се насочува. Дали се наоѓаат дома, во соседството или на училиште, сиромашните, ожалостените, неуките или несреќните не треба да се сметаат за пречка, туку за драгоцена можност да им служиме.

Во ова дело, како и во секоја друга работа, умешноста се стекнува со труд. Со вежба во секојдневните должности и со служење на неволните и напатените се зголемува умешноста. Без тоа и најдобронамерните напори честопати се некорисни, па дури и штетни. Впрочем во вода, а не на суво, луѓето се учат да пливаат.

Втората должност, која многу често површно се сфаќа - должност која мора да им се објасни на младите кога почнуваат да ги сфаќаат Христовите налози - е должноста да се сродат со црквата.

Многу е тесна и света врската меѓу Христа и Неговата Црква – Тој е младоженец, а Црквата - невеста; Тој е глава, а Црквата - тело. Поврзаноста со Христа вклучува и поврзаност со неговата Црква.

Црквата е организирана да служи; и во животот на оној кој ѝ е посветен на Христовата служба, поврзаноста со Црквата е еден од првите чекори. Верноста кон Христа бара верно исполнување на должностите во црквата. Тоа е важен дел од образованието; и во црквата која е вдахновена од животот на својот Учител, директно ќе ги поттикне верниците да работат за светот, надвор од црквата.

Постојат многу области кои на младите можат да им овозможат прилика за корисна работа. Треба да се организираат во групи за христијанска служба, и во таа заедничка работа ќе добијат помош и охрабрување. Родителите и наставниците, учествувајќи во работата на младите, ќе бидат во можност да им користат со своето богато искуство и да им помогнат нивните напори да donесат плод. Запознавањето буди сочувство, а сочувството е извор за успешна служба. За да ги разбудиме кај децата и кај младите сочувството и пожртвуваноста кон милионите напатени во далечните краеви, да ги запознаеме со тие земји и со нивните народи. Во тој поглед многу може да се научи и во нашите училишта. Наместо да се занимаваат со освојувањата на Александар и Наполеон во минатото, учениците нека ги проучуваат животните стории на луѓето како што се апостол Павле и Мартин Лутер, Ливингстон и други, како и искуствата на оние кои се активни на подрачјето на евангелската работа. Наместо да го оптоваруваат своето помнење со низа имиња и теории, кои немаат никакво влијание врз нивниот живот и за кои, кога еднаш ќе излезат од училиштето, многу ретко ќе мислат, нека ги проучуваат сите земји во светлината на евангелските напори и нека се запознаат со нивните народи и нивните потреби.

Во оваа завршна работа на проповедање на евангелието, пред нас е непрегледно поле кое треба да се обработи; и повеќе од кога и да е порано, делото мора да го помогнат и во него активно да се ангажираат верниците. И млади и стари ќе бидат повикани да ги напуштат полињата, лозјата и работилниците, и Учителот ќе ги испрати да ја објават неговата вест. Мнозина меѓу нив имале малку можност да се образуваат; но Христос во нив гледа особини кои ги прават способни да ја исполнат Неговата намера. Ако тие од сè срце се предадат на работа и продолжат да учат, Тој ќе ги оспособи да работат за Него.

Оној кој ја познава длабочината на бедата и очајот во светот, знае со кои средства може да се донесе спасот. Тој на сите страни гледа души во темнина, наведнати под товарот на гревот, тагата и

болката. Но, Тој ги гледа и нивните можности; Тој ја гледа висината до која можат да стасаат. Иако човечките суштевства ја злоупотребиле Неговата милост, залудно ги трошеле своите таленти и го изгубиле достоинството на природата слична на Божјата, Создателот треба да се прослави преку нивниот откуп.

Товарот на работа за оние на кои им е потребна помош во дивите краеви на светот, Христос го става врз оние кои сочувствуваат со неуките и заталканите. Тој ќе биде присутен да им помогне на оние чиишто срца се исплонети со сочувство, иако можеби нивните раце се груби и невешти. Тој ќе работи преку оние кои можат да бдеат во благослов и во беда, во добивка и во загуба. Кога ќе нè осветли Светлината, во тешкотијата ќе препознаеме предност, во збрката - ред и во привидниот пораз - успех.

Неволјите ќе се покажат како прикриен благослов, а страдањето како милост. Христовите следбеници кои учествуваат во жалоста на своите блиски, како што нивниот Учител учествувал во жалоста на целиот човечки род, со очите на верата ќе видат дека Тој ги придружува во нивната работа.

„Близу е Господовиот ден голем! Близу е и доаѓа брзо“ (Софонија 1,14) и затоа светот мора да биде предупреден.

Приготвувајќи се во согласност со нивните можности, илјадници и илјадници млади и стари треба да ѝ се посветат на оваа работа. Веќе многу срца се одзиваат на повикот на својот Учител и нивниот број сè повеќе ќе се зголемува. Секој христијански учител нека покаже симпатија кон таквите работници и нека им помогне во нивните настојувања да бидат Божји сведоци. Нека ги храбри младите кои му се доверени и нека им помогне во нивната подготовка да застанат во редовите на Божјите работници.

Нема друга гранка во делото во која на младите би им било овозможено да примат поголеми благослови. Сите кои учествуваат во проповедање на евангелието се Божји помошници. Тие се соработници на ангелите; всушност, тие се човечки орудија преку кои ангелите ја извршуваат својата мисија. Ангелите зборуваат со нивниот глас и работат со нивните раце. Човечките суштевства,

соработувајќи со небесните сили, го уживаат благословот на нивното образование и нивното искуство. А како средство на образование, која универзитетска настава може да се мери со ова?

Со таква војска составена од правилно извежбани работници каква би била нашата младина, колку брзо би се ширела веста за распнатиот и воскреснат Спасител, кој наскоро ќе дојде! Колку брзо би можела да дојде последицата – крај на страдањата и жалостите од гревот! Колку брзо, наместо земни имоти, обележани со грев и со болка, нашите деца можат да примат наследство таму каде што „праведните ќе ја наследат земјата и ќе живеат на неа за навек, каде што никој од жителите нема да рече: болен сум, и каде што „нема повеќе да се слушнат ... плач и лелк“ - Псалм 37,29; Исаија 33,24; 65,19 (Воспитување 223 – 229).

Мисионска проповед

*Сабота, 5 август 2017*

## РАСТОТ НА ЦРКВАТА И КВАЛИТЕТОТ НА ХРИСТИЈАНСКИОТ ЖИВОТ

Во христијанскиот свет денес многу се зборува за раст на црквата. На што се однесува и што опфаќа овој, за нас, релативно нов термин? Кога денес се зборува за раст на црквата тогаш се мисли на цел спектар од евангелски активности внатре во црквата. Тоа го опфаќа целокупниот духовен живот на верниците, нивното единство, верноста, нивното заедништво, грижата за новокрстените верници и посебно ангажирањето за оние кои не ја чуле веста за спасението. Со таков дух и живот се одликувала и апостолската црква. Апостол Павле за верниците во Коринт рекол: „Вие сте нашето писмо напишано во нашите срца, кое го познаваат и го читаат сите луѓе“ (2. Коринќаните 3,2).

Луѓето кои биле надвор од црквата имале што да видат во црквата. Можеле да ја видат љубовта, грижата за сиромашните, гри-

жата за оние кои не го чуле евангелието. И денес мнозина кои се надвор од црквата посматраат што се случува во неа. Мнозина би сакале да видат и да чујат: „Дали христијанството денес има што да му каже на уморниот, обесхрабрениот и бесцелниот човечки род?“ Одговорот е често обесхрабрувачки: ‘Бог има вест за луѓето.’ Тој има што да му пружи на човекот, но црквата не е често во состојба тоа да го пренесе.“

Слугинка Господова напишала: „Кога меѓусебниот живот на верниците е складен и кога братот негува љубов кон братот, соодветно на тоа, во црквата ќе се види и сила и воодушевување за спасување на ближните“ (ТМ, 188).

**Поглед кон животот и работата на апостолската црква**

Во времето кога живееле и работеле апостолите влијанието на христијанството било многу привлечно. Никој не помислувал дека црквата е досадна. Никој не можел да заклучи дека црквата е одвоена од вистинските потреби на луѓето и дека е себична. Напротив, впечатоците и искуствата зборувале поинаку. Да ги согледаме денес накратко животот и работата на верниците во Антиохија (Дела 11,19. 20).

Антохија бил главен град на богатата и моќна римска провинција Сирија. Се сметала за трет град во светот, по Рим и Александрија. Тука се вкрстувале влијанија на разни култури и религиозни правци. Токму во таа необична и многубожечка средина христијанството длабоко ги пуштило своите корени и антиохиската црква станува мисионски центар.

Христијаните во Антиохиската црква станале толку силна и примерна група што се нашле како контракултура на тогашниот свет. Нив ништо не ги задржувало. Наидувале на меч, на немаштија, на цинизам и рамнодушност, на омраза и разорување но наспроти сето тоа, тие биле полни со сила, полни со вера и љубов, полни со пожртвуваност и мисионски полет. Во што се состоела тајната на успешниот пораст на црквата?

**Тоа била Црква која се грижела:**

*а) Грижа за новите верници (Дела 11,23)*

Варнава преставува клучна личност во оваа работа. Иако доаѓал од Ерусалим сторил многу новите верници во Антиохија да му останат верни на Господа. Овој е еден од значајните фактори кога е во прашање порастот и напредокот на црквата.

Работата со новокрстените верници и со заинтересираните пријатели по одржувањето евангелизација, како по некое правило, често се запоставува. Тоа не бил случај со антиохиската црква. Зар Господ овозможува раѓање деца за потоа тие да се смрзнуваат и да умираат од глад? Причината зошто толку мал успех постигнуваат многу цркви денес се крие токму во овој проблем. Со тешка мака верниците доаѓаат на седмичната евангелска проповед, а потоа кон пријателите и новообратените верници се однесуваат без најмалку љубов и грижа. Понекогаш слично постапуваат и самите проповедници. Ова е вистинско духовно злосторство. На таква црква Бог нема да ѝ даде нови верници. Морам да нагласам дека на сите ни е потребна темелна промена по ова прашање.

„Не оставајте ја прерано својата работа. Водете сметка сите да бидат поучени во вистината, утврдени во верата... А тогаш, како и апостол Павле посетувајте ги често за да видите како живеат. О, колку плачат ангелите поради површната работа на мнозина кои тврдат дека Бог ги испратил за да ја проповедаат Неговата реч!“ (5T 156)

*б) Грижа за гладните и сиромашните (Дела 11,27-39)*

Бог рекол дека својот народ нема да го остави без сиромашни за да го испита нивното срце. Така било и така ќе биде. Но, Исус додал: „На сиромашните им се проповеда евангелието“ (Матеј 11,5). Во денешно време евангелието треба да допре до колибите на сиромашните, до презрените слоеви во општеството.

Во развиениот свет, денес постојат две категории луѓе до кои евангелието тешко може да допре. Таа недопирливост не се слу-

чува поради недостаток на интерес за него, туку поради нашата негрижа да го најдеме вистинскиот пат да допреме до нивните срца и да ги препознаеме нивните потреби. Тоа се оние на најниската скала во општеството - сиромашните, напуштените, презрените и отфрлените.

Втората група ја претставуваат оние луѓе и жени кои припаѓаат на највисоките општествени слоеви. Ако го пронајдеме патот до овие луѓе делото на евангелието многу брзо ќе напредува.

„Евангелскиот повик треба да им се упати на богатите и на сиромашните, на големите и на малите; мораме да пронајдеме начин на кој ќе ја однесеме вистината на нови места до сите слоеви... Исус им го проповедал евангелието на сиромашните, но во својата работа не се ограничувал само на тој општествен слој. Работел за сите оние кои сакале да ја слушаат Неговата Реч, не само за цариниците и грешниците, туку и за богатите и образовани фарисеи, за еврејските големци, капетани и римски управители" ( Евангелизам, 549).

Практичната помош која ја покажувале верниците на антиохиската црква не можела да остане без плод. Евангелието не може да се објавува само како теорија. Ни Христос така не го објавувал. И затоа, секој оној што е поттикнат од Господовиот Дух за евангелска служба, тој не може да ги запостави потребите на сиромашните, разочараните, ранетите, уплаканите, обесхрабрените, напуштените, заробените во грев и пороци, без оглед на кое општествено ниво са наоѓаат. Таков дух покажала апостолската црква. Таа се грижела и имала слух за потребите на секој човек.

*в) Грижа за оние кои не чуле за евангелието (Дела 13,2.3)*

Не е редок случајот верниците од една црква да почнат да се свртуваат само кон себе и кон своите потреби. Свртени кон самите себеси и кон своите удобности во црквата, се чувствуваат како во убаво наместен кревет. Сè е толку убаво средено и сите убаво се чувствуваат и добро спијат. Никому не му дозволуваат да им го наруши нивниот мир и комодитет.

Верниците во Антиохија биле исполнети со друг дух. Нив ги обземал духот на службата, молитвата и постот. Иако јадрото на оваа црква го сочинувала еврејска група верници, тие им проповедале на Грците.

Искрено го сакале целиот свет, своите сонародници и многубожците. Биле отворени и ги разбирале потребите на своите блиски. Се грижеле за многу краишта до каде што радосната вест сѐ уште не допрела. Од нивните средини тргнувале првите мисионери да проповедаат во незнабожечкиот свет. Биле подготвени без приговор да се откажат од своите двајца најдобри водачи поради доброто на другите. Кој би се откажал од своите највлијателни водачи, од старешините во црквата, кога не би чувствувал љубов кон оние кои страдаат? Тоа го сториле верниците во Антиохија. Тоа била црква која навистина се грижела.

Од искуството на антиохиските христијани можеме да извлечеме значајна поука за христијаните на денешницата. Црквата, која не покажува доволно грижа за новите верници, не е во состојба да одговори на своите обврски. Црквата, која не покажува грижа за оние кои не ја чуле веста за евангелието, не може да расте. Црквата, која не е спремна да се откаже од своите лични интереси и привилегии за доброто на другите, нема да напредува. Но онаа црква, која негува дух и живее според примерот на антиохиските христијани, се здобива со вистински предуслов за брз духовен и бројчан раст.

*Црква на која заедништвото и е стварност*

Структурата на верниците на антиохиската црква била многу разновидна. Тоа можеме да го видиме од 11. и 13. глава во Дела апостолски. Токму во Антиохија христијаните кои дошле од еврејството и оние кои се обратиле од незнабожците, заедно го славеле Господа, заедно постеле, заедно се молеле и седеле на иста маса. Таквите постапки ни ја откриваат вистинската содржина на нивното заедништво. Тие ја срушиле оградата на непријателството и предрасудите, и станале едно во Исуса Христа.

Да погледнеме како изгледал составот на антиохиските водачи: **(Дела 13,1)**

Како прв се споменува Варнава. Ова име во раната христијанска заедница било непознато. Тој тесно соработувал со апостол Павле. Го придружувал Павла на неговото прво мисионско патување. Потекнувал од Кипар. Некогаш бил богат човек кој поседувал бродови на тој остров. Сега верно и пожртвувано ја објавувал радосната вест.

Второто име кое писателот на Делата апостолски го спомнува е Симеон. Тој потекнувал од Северна Африка. Очигледно дека тука се работи за црнец затоа што на тоа нè упатува неговото второ име Нигер, што на грчки значи Црн.

Како трет, го имаме Луцијан од Кирина. Ова име носи во себе корен од латински збор што нè наведува на заклучок дека Луцијан имал римско потекло. Потекнувал од Кирина, подрачје во Северна Африка. Тој град во старо време бил познат по чуеното медицинско училиште.

Потоа го имаме Манаил, воспитан со четворовласникот Ирод. Овој водач на антиохиската црква имал аристократско потекло. Потекнувал од угледно семејство, а своето детство го минал со идниот цар Ирод.

На крајот, како петти во групата учители и пророци на антиохиската црква, се спомнува Савле. За него имаме најмногу податоци. Бил многу учен како фарисеј и ревен за обичаите. Сега таа подготвеност и верност со уште поголема љубов и сила ја посветил на проповедање на радосната вест.

Вака собрани од разни страни, со различна националност и со различни раси, успеале да живеат, да работат во единство и да останат заедно. Како успеале во тоа? Како им успеало во толку сложени околности да ја водат првата црква кон значајна победа во служба на евангелието?

Постојат повеќе фактори кои Библијата ги изнесува. Како прво тука го наоѓаме фактот дека сите тие биле луѓе од вера, луѓе исполнети со Дух, луѓе на молитва и пост. Тие навистина ја сфатиле

и ја вкусиле силата на евангелието во својот живот. Христовиот Дух и Неговата наука во срцето ги руши сите расни, национални и други огради со кои луѓето се оградуваат. Христовата љубов во срцето изградува заедништво. Тоа заедништво, кое се огледало во животот на антиохиските христијани, се издигнало над сите расни, социјални и културни граници. Тоа дало нова содржина на животот и работата дотогаш непозната во светот.

Денешното христијанство мора да го сфати ова. Сите ние како Црква мораме добро да го разбереме. Светот ќе нѐ презира а Христос ќе нѐ отфрли доколку нашиот живот не биде исполнет со тие принципи на евангелието.

Да прочитаме нешто за тоа:

**Матеј 25,34.35.**

Оној кој не чувствува грижа и љубов кон презрените, гладните, отфрлените и прогонетите заради Христа и Неговата наука, не е подготвен да изградува вистинско заедништво. Истата грижа и љубов треба да се покажат и кон оние кои не го познаваат Христа.

„Ние не можеме да бидеме Божји сведоци само врз основа на проповедање на вистината и ширење литература. Запомнете дека живот сличен на Хростовиот е најсилен доказ во прилог на христијанството...“ Светот нема да верува во она што проповедникот го проповеда, туку ќе верува гледајќи како црквата живее. Сите напишани книги не можат да го сторат она што може да го стори посветениот живот“ (Одбрани сведоштва, 272).

Од сето она што го кажавме, гледаме дека растот и напредокот на црквата тесно е поврзан со квалитетот на животот и работата на црквата. Оние верници, кои покажуваат грижа и љубов кон луѓето кои се надвор од црквата, можат духовно да растат. Онаа црква која покажува искрена и вистинска пастирска грижа кон новокрстените верници, црквата која има уво и око да ги чуе и да го види потребите на своите браќа како и на своите сограѓани, е црква која е на добар пат да раѓа. Црквата која негува дух на заедништво и слобода е црква во која луѓето ќе сакаат да дојдат.

На крајот од ова размислување да си поставиме себеси неколку значајни прашања: Дали сум вистински заинтересиран мојата црква да напредува? Со што придонесувам духот на љубовта, заедништвото и слогата да се развиваат во мојата црква? Овие прашања сериозно нека нѐ поттикнат да го преиспитаме личниот став во нашиот живот како верници на Црквата на остатокот.

Мисионска проповед

*Сабота, 2 септември 2017*

## ЧАС НА ПРЕДВЕЧЕРИЕТО НА ИСТОРИЈАТА

„Бреме Думи. Вика некој кон мене од Сир: ‘Стражару! Кое доба на ноќта е? Стражару! Кое доба на ноќта е? Стражарот одговори: Утрото доаѓа, а потоа ноќта; Сакате ли да прашувате, прашувајте, вратете се, дојдете“ (Исаија 21,11.12).

Врз основа на овој стих може да се види колку се свечени и судбоносни деновите на нашето време. Пророкот Исаија овие зборови ги напишал 700 години пред Христа и им ги упатил на Едомците, Исмаиловите потомци во Арабија.

Изразот „бреме“, кој се употребува овде, значи: сериозна вест, бременита вест. Овој израз Исаија го употребува кога сака да ја нагласи сериозноста на веста што ја добил од Бога.

Бремето, кое е упатено преку стражарот на Едомската земја за доаѓањето на утрото и ноќта, се однесува и на последното време.

### 1. Стражар на кулата на сионските ѕидови.
### – Одговорноста на сионските стражари.

Исаија вели: „Твоите стражари ќе го издигнат гласот и сите воскликнуваат од радост, зашто сгледаат со своите очи каде Господ се враќа назад во Сион“ (Исаија 52,8).

Во старо време речиси сите градови биле ѕидани со цврсти ѕи-

дови какви што имал Ерихон. На тие ѕидови постоеле кули стражарници. Стражарите на тие кули имале задача да ги известат граѓаните за сите ненадејни напади од надвор. Кога ќе се закани некоја опасност, тие со силните гласови на своите труби ги буделе сите жители кои спиеле. Тоа значи дека стражарите морале будно да ги посматраат сите ноќни појави и добро да го познаваат секое доба од ноќта. Бидејќи нивната должност била многу одговорна, тие желно го исчекувале утрото. Според горниот цитат, Исаија на ова му дава духовна примена. Затоа тој продолжува понатаму и вели: „Ерусалиме, на твоите ѕидови поставив стражари кои никогаш нема да замолчат, ни дење ни ноќе. Вие кои го споменувате Господа немојте да молчите и не давајте да се молчи за него сè додека не го обнови Ерусалим, додека пак не го направи славен на земјата“ (Исаија 62,6.7)

**2. „Кое доба на ноќта е, стражару?“** Нашиот уводен стих вели: „Вика некој кон мене“. Викаат незнабожците, викаат и оние кои заталкале во пустината на гревот. Викаат по тебе и по мене денес: „Стражару, што се случи ноќва?“ или „Кое доба на ноќта е стражару?“

Божјиот стражар на сионските ѕидови мора уште денес да биде готов да им одговори на оние кои го прашуваат: Колку е часот на долгата ноќ на гревот? и „Кога ќе дојде вечниот ден? Одговорот на стражарот гласи: Ќе дојде утрото, но и ноќта.“ Што значи овој загадочен одговор? Како може и утрото и ноќта да дојдат во исто време?

**3. Доаѓа утрото, но и ноќта. – Утро и ноќ (предвечерие)– Што е тоа?**

Според јасната наука на Светото писмо историјата на овој свет за едни е ден, за други ноќ. Таа е ден за оние кои не го гледаат гревот на ноќта. А ноќ претставува за праведниците кои се осветлени со силната небесна светлина. Затоа, на денот на Христовото доаѓање ќе следи промена. Божјиот народ ќе излезе од ноќта на овој свет и ќе влезе во вечниот ден, а непокајаните ќе излезат од денот

и ќе влезат во вечната ноќ на исчезнувањето и непостоењето. Духот на пророштвото вели: „Сонцето на правдата наскоро ќе болсне. Утрото и ноќта скоро се тука – светнува бескраен ден за праведните и почетокот на вечната ноќ за злите“ (ЕГВ). Но на овој вечен ден и на таа вечна ноќ им претходи време кое е наречено:

„Утро и ноќ (предвечерие). Утрото ќе му претходи на вечниот ден, а предвечерието на вечната ноќ. Што е тоа утро и предвечерие?

**а) Утро.** Исус рекол: „Јас сум светлина на светот“ (Матеј 4,16) „Кој оди по мене не оди во темнина“ (Јован 1,9)

Значи, самото проповедање на евангелието е знак дека настапува зората на вечниот ден. Тоа особено во последното време ќе му биде објавено на овој свет. Тоа е она што Исус го рекол во Матеј 24,14, а Јован го потврдил во пораката од Патмос (Откровение 18,1-5).

Првото зазорување на хоризонтот на овој свет се појавило во 1831 година кога Вилијем Милер за прв пат отпочнал да го проповеда Христово доаѓање – денот на вечноста. Од таа година па сѐ до денес, веста на евангелието се шири со голема брзина. И денес, кога постојат илјадници весници кои ја носат светлината на евангелието насекаде во светот, кога адвентистичкото движење стаса во сите краеви на светот, можеме да воскликнеме со пророкот Езекил: „Дојде утрото кај тебе, жителу земен, дојде времето, се приближува денот“ (Езекил 7,7). Значи, утрото е светлината на евангелието која ќе му претходи на вечниот ден.

**б) Вечер.** Пророкот Исаија извикнува: „Гледај мрак ќе ја покрие земјата и темнина народите...“ Како што денот му претходи на утрото, така и на ноќта ѝ претходи вечерта. Дека овој стих не се однесува на времето по второто Христово доаѓање, се гледа од стихот во Исаија 60,3 каде што вели дека во времето на ова предвечерие – ноќ, мнозина ќе бидат осветлени и ќе се покаже светлина на Божјите чеда кои ќе стојат среде темнината на овој свет.

Веќе одамна постојат сериозни знаци на предвечерието. Сонцето на правдата се приближува кон своето заоѓање. Морална и духовна темнина го обзема светот. Никогаш човештвото во целина не пропаѓало толку брзо во бездната на грешните уживања како денаска (Матеј 24,12).

„Наскоро ќе разбереме што значи ноќта... Ноќта е на прагот. Затоа црквата нека стане и нека тргне на работа која ѝ е доверена“ (ЕГВ).

Тоа е предвечерието на историјата на овој свет.

**4. Духовните стражари и нивната будност.** Дали, како стражари на сионските ѕидови, сме свесни за овие два факта? Дали денес можеме со поголема решителност од кога и да е порано да му кажеме на светот: „Утрото доаѓа, а потоа ноќта; Сакате ли да прашувате, прашувајте, вратете се, дојдете“ (Исаија 21,12).

Опасно е да се дреме на стражарска должност. Опасно е не само за животот на оние кои спијат, туку и за сопствениот. „Подигнете ги горе очите свои и видете...“ вели Исаија. „Ноќта поминува, а денот се приближува, да ги отфрлиме сите мрачни дела и да се облечеме во оружјето на светлината“ (Римјаните 13, 11.12).

Бог ги повикува своите чеда и им вели: „Трубете во труба на Сион и дајте тревога на светата ми гора. Нека трепераат сите жители на земјата, затоа што доаѓа Господовиот ден. Да, тој е близу“ (Јоил 2,1).

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
3/2017

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

*Издава:*
Христијанска адвентистичка
црква, црква на адвентистите на
седмиот ден

*Одговара:*
Томе Трајков

*Превод и подготовка:*
Мелита Томовска

*За интерна употреба*